# Инфо билтен - јануари 2026



Погледнете го видеото од реката Пчиња пред и по отстранувањето на непотребната бетонска бариера долга 50 метри и широка 30 метри. Оваа препрека која по Втората светска војна била наменета за пренос на тенкови со тек на времето се разрушила и во последните неколку децении претставуваше безбедносен ризик за населението и причинуваше штета врз екосистемот.

Погледнете го видеото

---



## Отворено писмо до Претседателот на Владата

Почитуван Претседателе на Владата г-н Мицкоски,
Со огромна загриженост ја примивме Вашата неодамнешна најава за можно реактивирање на проектот за хидроцентралата „Бошков мост“. Како граѓани и заштитници на природното наследство, должни сме да Ве потсетиме дека овој проект е во спротивност со националните закони, меѓународните обврски и современите еколошки стандарди и претставува директен и сериозен ризик за интегритетот на Националниот парк Маврово.

Прочитајте го целото писмо

---

Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест Скопје, во јануари (2026 г.) поднесе тужба за управен спор до Управниот суд на Република Северна Македонија против Министерството за животна средина и просторно планирање. Предметот се однесува на отфрлање на Решение од страна на МЖСПП, откако Еко-свест поднесе управен приговор кој се однесува на пропуштање на преземање реални акти во постапките за издавање Дозвола за користење на вода за производство на електрична енергија за малите хидроелектрични централи (МХЕ) Баров Дол и Папрад, чија изградба е планирана на реката Дошница во Општина Кавадарци.

Прочитај повеќе

---



# За што служат реките?

Инспирирани од резултатите од истражувањето кое во октомври беше спроведено на територија на целата држава, Еко-свест преку серија кратки видеа објаснува за важноста на реките. Тие се многу повеќе од само текови на вода!

Видео

---



# #Природа

## 15 граѓански организации со отворено писмо до министерот Хоџа

Група граѓански организации предводени од Еко-свест испратија писмо до министерот за животна средина и просторно планирање.
Природата мора да биде државен приоритет, и сите други политики (рударство, енергетика, инфраструктура) мора да се усогласат со целите на заштитата на природата. Потребно е забрзано комплетирање и усвојување на акциските планови за заштита на мечката и рисот, и започнување на нова иницијатива за заштита на волкот. Новиот Закон за природа мора да гарантира достапност на податоците од Националниот информативен систем и средства за нивно редовно ажурирање.

Прочитај го целото писмо




# #Активно граѓанство

## Еко трампа

Повелете на новата Еко трампа која ќе се случи на 14 февруари во 12 часот во Бистро Комедија во Скопје.
Понеси најмногу до 5 предмети или парчиња облека што повеќе не ги користиш, добиј купон и одбери нешто убаво од другите учесници. Во продолжение погледнете како си поминавме на минатата Еко трампа која се одржа минатиот ноември.

Видео

---

### ЗеленТелефон

Пријавете еколошки проблем на 071 600 333 сервис на Еко-свест за советување, насочување и правна поддршка на граѓаните кои се подготвени за акција! Активирај се - не молчи, пријави, реагирај!

---

### Јавни расправи по предлог Законот за здруженија и фондации

Јавните расправи по предлог Законот за здруженија и фондации што ги организира Министерството за правда со поддршка на проектот финансиран од ЕУ „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ ќе се одржат во:
- Битола, 04.02.2026 (среда) во 11 часот во Europe House
- Гостивар, 05.02.2026 (четврток) во 11 часот во Младински ресурсен центар „I can“
- Штип, 06.02.2026 (петок) во 11 часот во Хотел Оаза
- Скопје, 12.02.2026 (четврток) во 11 часот во Хотел Мериот.

Вашето присуство пријавете го на tangelkova@justice.gov.mk, damceska@cpmconsulting.eu со назнака за која од расправите се пријавувате.

# #Медиуми

- **Ана Чоловиќ Лешоска и Ѓорѓи Митревски во 360 Степени (видео)**
- **Соопштение на Еко-свест (линк)**
- **Отворено писмо на Еко-свест (линк)**

# #Публикации

- **Проценка на емисиите од гасната инфраструктура во Северна Македонија (2025)**

- **Анкета за потенцијал и подготвеност на граѓаните за формирање енергетска заедница во Општина Новаци (2025)**
- **Заклучоци од најнова анализа за влијанијата од гасната инфраструктура во Македонија**

Забелешка: Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Еко свест

View email in browser

update your preferences or unsubscribe

INTUIT mailchimp